HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAKEDONISË
MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ
COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA
HELSINŠKO COMITEŢI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ
Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# ИЗВЕШТАЈ ОД ПОСЕТАТА НА ХЕЛСИНШКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА Р. МАКЕДОНИЈА НА СПЕЦИЈАЛНИОТ ЗАВОД - ДЕМИР КАПИЈА

## 1. Вовед

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија согласно стратешката определба и долго воспоставената пракса за посета на затворените институции во Република Македонија, изврши посета на ЈУ Специјален завод - Демир Капија. Посетата беше остварена на 5 февруари 2016 година, по претходно одобрение на Министерството за труд и социјална политика бр. 10-241/2 од 15.01.2016. Целта на посетата беше утврдување на фактичката состојба на условите и остварувањето на основните човекови права на лицата со интелектуална попреченост кои се сместени во оваа установа, а кои поради нивната ранлива состојба претставуваат чувствителна категорија на граѓани и имаат право и на посебни права во зависност од нивните посебни потреби. Овој извештај е фокусиран на состојбите со капацитетот, кадровската организација на установата, условите за живот, хигиена, сместување на штитениците, третманот и грижата на штитениците, здравствената заштита, програмските содржини и активности и контактите со надворешниот свет на штитениците.

Поаѓајќи од Националната стратегија за деинституционализација 2008-2018[1], чија цел е подигање на квалитетот на грижата за одредени категории на граѓани изложени на социјален ризик кои се утврдени како целни групи, преку реализирање на процесот на деинституционализација, специјалната установа во Демир Капија е една од установите за сместување на две од четирите[2] целни групи на корисници на кои се однесува Стратегијата, а кои согласно Стратегијата се утврдени како највулнерабилни и најбројни корисници на институционалните форми на заштита. Станува збор за деца со пречки во интелектуалниот и физичкиот развој до 26 години и лица со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој над 26 години. Стратегијата, меѓу другото ги таргетира најголемите проблеми во процесот на давање заштита на овие категории на корисници од страна на Специјалниот завод во Демир Капија и дава препораки и предлог активности за обезбедување на поквалитетна грижа на споменатите корисници. Една од целите на посетата во Демир Капија и овој извештај е да се направи преглед на тоа кои од предложените мерки и активности од Стратегијата се преземени и имплементирани од

[1] http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Nacionalna%20Strategija%20za%20deinstitucionalizacija%20_2008-2018_%20_2_.pdf

[2] Деца без родителска грижа; Деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение; Деца со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој до 26 години; Лица со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој над 26 години

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

страна на Специјалниот завод во Демир Капија и како резултат на тоа кои од претходно споменатите проблеми се надминати.

Ова е втора посета на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија на Специјалниот завод во Демир Капија. Првата посета беше извршена на 28.02.2012 година во рамките на проектот "Набљудување на имплементацијата на националниот превентивен механизам за спречување на тортура и друг вид нечовечко или понижувачко постапување или казнување на територијата на Република Македонија", за што е изготвен извештај во кои се констатирани одредени проблеми извештај во кои се констатирани повеќе проблеми и дадени се препораки за надмињување на проблемите.[3]

## 2. Основни задачи на специјалната установа во Демир Хисар

- сместување на лица со тешка и длабока интелектуална попреченост
- водење нега и грижа за корисниците со длабока ментална ретардација особено на оние корисници што се неподвижни и самите не можат да ги извршуваат своите секојдневни хигиенски навики
- обезбедување на постојана здравствена заштита
- рехабилитационо-корективен третман, психомоторна реедукација и воспитно-работен процес
- организирање спортско-рекреативни и културно-забавни активности
- перманентно ангажирање на корисниците според нивните преостанати психофизички способности со цел да се овозможи повисоко ниво на работно оспособување.

## 3. Капацитет, персонал и кадровска организација

Во моментот на нашата посета во институцијата беа сместени 227 корисници, меѓу кои, според сознанијата добиени од разговорот со директорот, нема малолетни лица. Во моментот на нашата посета бројот на вработените во Специјалниот завод изнесуваше 153, од кои 4 дефектолози, 1 социјален работник, 18 медицински сестри, 70 негователи, а останатите се вработени во администрација или како технички персонал. Впечатливо е дека во специјалната установа сѐ уште нема постојано вработен општ доктор, нешто што беше констатирано и во Извештајот од посетата на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Р. Македонија на специјалните установи и психијатриските болници во Р. Македонија за периодот 2011-2012 година.[4] Во разговорот со директорот на Специјалниот завод бевме информирани дека во установата повремено доаѓа општ доктор, кој што е сѐ уште на специјализација. Ова создава проблем за упатување на корисниците во други здравствени установи за добивање на соодветна здравствена заштита, бидејќи специјалната установа не може да издава упати. Исто така вреди да се напомене дека покрај тоа што нема постојано ангажиран општ доктор, Специјалниот завод сѐ уште нема ангажирано ниту стоматолог, повторно, нешто што беше констатирано во претходно споменатиот Извештај на Комитетот за периодот 2011-2012 год.

---

[3] http://www.mhc.org.mk/publications/104

[4] http://www.mhc.org.mk/publications/104

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

**4. Услови за живот, хигиена, сместување.**

При посетата на одделенијата увидовме дека е затворен мешовитиот оддел С3. Треба да се напомене дека сите одделенија се во лоша состојба и не исполнуваат минимални услови за живот. Надворешниот дел на градбите е во лоша состојба, ѕидовите се нагризани, а фасадата е падната на повеќе места. Собите во кои се сместени штитениците се полни со влага и мувла. Во нив речиси нема шкафови, а ќебињата се стари и истрошени, на повеќе кревети немаше перници, а во дел од собите можеа да се забележат и мачки скитници кои лежеа на креветите на штитениците. Тоалетите исто така не ги задоволуваат стандардите, беа стари и оштетени и немаа основни средства за одржување на хигиената. Видно беше дека плочките во сите тоалети не се исчистени подолго време, во лавабоата и кадите можеше да се забележи мувла и нечистотија, а на поголемиот дел од WC школките можеа да се забележат фекалии. Вредно е да се спомене дека вработените во Специјалниот завод при нашата посета не сакаа да вклучат осветлување во дел од тоалетите бидејќи тие се наоѓаа во неподносливо лоша состојба. Низ сите одделенија се ширеше силен мирис на урина. Лошата хигиена во установата, меѓу другото е резултат и на недостаток на персонал. Во повеќе одделенија можевме да забележиме како штитениците сами ја одржуваат хигиената во одделенијата, што пак се рефлектира врз нивната лична хигиена, која исто така е на многу ниско ниво. Во однос на исхраната можеше да се забележи дека нема специјализирана просторија за исхрана, туку штитениците ги јадеа своите оброци во импровизирана менза. Од страна на главниот готвач не добивме задоволителни информации околу квалитетот на храната и начинот на нејзина подготовка. Во кујната, како и во други простории, се чувствуваше силен мирис на мувла, а видлива беше и влага во ѕидовите.

**5. Третман и грижа на штитеници, здравствена заштита, програмски содржини и активности, контакт со надворешниот свет и инспекција.**

Во однос на здравствената заштита бевме информирани дека штитениците биле вакцинирани од сезонски грип, но процесот на вакцинација бил извршен со задоцнување од два месеци, па наместо да биде извршен во октомври, штитениците биле вакцинирани во декември 2015 година. Не добивме информации од каде се набавени вакцините. Специјалниот завод сè уште нема гинеколог ниту пристапен гинеколошки стол за лица со физичка попреченост. Добивме информации дека помеѓу штитеничките не се дели контрацпција, но се следат нивните месечни менструални циклуси и доколку се забележи некоја промена се носат на гинеколог. Вработените се свесни и добро запознаени дека меѓу штитениците има и такви кои влегуваат во сексуални активности, но не се практикува никаква превенција или сексуално образование. Во овој поглед нема поместување од она што беше констатирано во Извештајот од посетата на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Р. Македонија на специјалните установи и психијатриските болници во Р. Македонија за периодот 2011-2012 година.

Особено загрижува наодот, проверен во Книгата на смртни случаи. Според книгата, од 1993 до 5 февруари 2016 година, во Специјалниот завод починале 375 лица.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

| **ГОДИНА** | **СМРТНИ СЛУЧАИ** | **ГОДИНА** | **СМРТНИ СЛУЧАИ** | **ГОДИНА** | **СМРТНИ СЛУЧАИ** | **В К У П Н О** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1993 | 46 | 2001 | 17 | 2009 | 8 | |
| 1994 | 25 | 2002 | 13 | 2010 | 13 | |
| 1995 | 18 | 2003 | 10 | 2011 | 7 | |
| 1996 | 31 | 2004 | 12 | 2012 | 9 | **375** |
| 1997 | 31 | 2005 | 11 | 2013 | 9 | |
| 1998 | 22 | 2006 | 11 | 2014 | 9 | |
| 1999 | 21 | 2007 | 9 | 2015 | 12 | |
| 2000 | 19 | 2008 | 9 | 2016 | 3 | |

Поголемиот дел од смртните случаи се резултат на белодробни заболувања кај штитениците. Најголемиот дел од штитениците кои починале од белодробни заболувања се неподвижни штитеници со длабока интелектуална попреченост кои биле сместени во блокот Б2. Блокот Б2 нема врата, а штитениците кои се сместени во него се подложени на постојан провев, па воопшто не изненадува фактот што повеќето од нив имаат белодробни заболувања.

Од смртните случаи особено загрижува смртниот случај на еден штитеник чиј старател бил Центарот за социјална работа. Кај штитеникот биле забележани стомачни тегоби, по што тој почнал да повраќа измет. Персоналот одлучил штитеникот да биде испратен во ЈЗУ Општа болница Велес каде било извршено снимање, но бидејќи не било откриен причинителот на тегобите, штитеникот бил вратен во Демир Капија. Бидејќи повраќањето на измет продолжило, штитеникот бил испратен на третман во Скопје, но при транспортот со медицинското возило тој починал. По извршената обдукција во дебелото црево на штитеникот била најдена цуцла, што укажува на запоставеност од страна на вработените во специјалната установа, но и непрофесионалност при третманот во болницата во Велес. Бевме известени дека извештајот од обдукцијата бил доставен до директорката на Специјланиот завод во Демир Капија, како и до Центарот за социјални работи - старател на починатото лице.

Од страна на општиот докотор повремено ангажиран од страна на Министерството за труд и социјална политика бевме известени дека тој не може да постапува како матичен лекар, односно не може да изготвува медицински упати за третман и лекување.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Причината за тоа е што Специјалниот завод Демир Капија не функционира во рамките на редовниот здравствен систем, односно не е дел од Министерството за здравство. Како последица, голем број на штитеници не можат да ги остварат правата од здравственото осигурување, односно до општите болници се испраќаат само во итни животно-загрозувачки ситуации. Од примерот опишан погоре може да се заклучи дека ваквата состојба го доведува во прашање правото на живот на штитениците.

Во однос на програмите за организирање на времето штитениците работат со 4 вработени дефектолози, но бројот на дефектолози не соодветствува со бројот на штитеници.

Уште еднаш би сакале да потсетиме дека во извештајот од посетата на Европскиот комитет против тортура, нехуман и деградирачки третман и казнување (КПТ) во 2014 година има посебен дел кој се однесува на Специјалниот завод во Демир Капија во кој Комитетот и дава на државата низа препораки за подобрување на условите за живот, сместувањето, третманот и грижата на персоналот и здравствената заштита на штитениците во заводот[5], кои во голем дел се поистоветуваат со наодите, регистрираните проблеми и дадените препораки во извештаите на Хелсиншкиот комитет од посетите во заводот. Во својот извештај КПТ констатира дека условите во кои штитениците се сместени во заводот се неадекватни и можат да доведат до нехуман и деградирачки третман. КПТ исто така е загрижен за условите во кујната на заводот во која се подготвува храната за штитениците и вели дека треба да се преземат итни мерки за подобрување на хигиената во кујната. Дополнително КПТ на државата и дава препораки за постојано вработување на еден доктор по општа медицина, еден стоматолог и доктор специјалист по физичка рехабилитација.

Слични наоди се констатираат и во Извештајот на Народниот Правобранител при извршената редовна ненајавена посета на Специјалниот завод во Демир Капија на 20.12.2012 година. Во извештајот Народниот Правобранител НПМ искажува загриженост за определени постапувања кои претставуваат ризик и може да доведат до понижувачко и/или нечовечно постапување и за истите соодветно побара од управата на заводот да преземе конкретни мерки. Во извештајот се констатира дека материјалните услови и состојби не ги задоволуваат посакуваните стандарди во делот на санитарните јазли и бањите, кои се делумно руинирани и неприлагодени за оваа категорија лица, додека креветите и душеците за спиење во голем број се стари и дотраени. Народниот Правобранител искажува загриженост поради фактот што лифтот во т.н. нов објект не беил во исправна состојба, поради што пристапот до окупациона терапија, физикална терапија и до надворешниот простор за прошетка за најголемиот дел од корисниците сместени на вториот кат од објектот (полуподвижни или неподвижни) е значително отежнат со што се ограничува слободата и просторот на движење на корисниците. Во извештајот констатирано е дека не постои недоволна екипираност на заводот со кадар од следните области: лекар по општа медицина, невропсихијатар, логопед, социјален

---

[5] http://www.cpt.coe.int/documents/mkd/2016-08-inf-eng.pdf

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

работник и други профили, додека присуството и посетите од надворешни соработници (како гинеколог, интернист и физијатар) не се на задоволително ниво. За време на посетата Народниот Правобранител констатитрал и недостаток на храна и прехранбени продукти, поради што не секогаш се изготвуваат оброците во согласност со утврдената листа на оброци. Загрижувачка е и праксата на давањето контрацептивни средства без согласност од старателот или од самиот корисник (доколку не е му е одземена деловната способност), а воедно корисниците не секогаш биле информирани правилно и соодветно за целта на контрацептивното средства кое им се дава.

Согласно претходно споменатото би сакале да му ги поставиме следниве прашања на Министерството за труд и социјална политика:

1. Дали Министерството е запознаено со состојбите со капацитетот, персоналот и кадровската организација на установата, условите за живот, хигиена, сместување на штитениците, третманот и грижата на штитениците, здравствената заштита, програмските содржини и активности и контактите со надворешниот свет на штитениците?

2. Какви чекори презело Министерството за надминување на гореспоменатите проблеми?
3. Какви чекори планира да преземе Министерството во иднина за надминување на гореспоменатите проблеми?

Со цел итно надминување на регистрираните проблеми од посетата на Специјалниот завод во Демир Капија, Хелсиншкиот комитет препорачива:

1. Целосна имплементација на Националната стратегија за деинституционализација 2008-2018 во Специјалниот завод во Демир Капија;

2. Зголемување на бројот на лекари специјалисти, вклучувајќи и вработување на постојани доктори интернисти (општ лекар, гинеколог и стоматолог) кои во континуитет на дневна основа би ја следеле здравствената состојбата на пациентите и како би можеле пациентите да ги остварат сите права од здравственото осигурување;

3. Зголемување на бројот на медицинските сестри и негователки за да можат да се посветат на помал број на пациенти;

4. Зголемување на бројот на хигиеничарите, посебно во оние одделенија каде лицата не се способни да помагаат во одржувањето на хигиената;

5. Подобрување на инфраструктурата на специјалната установа, особено во делот на внатрешното уредување со поставување на нови врати и прозорци, промена на амортизираните кревети и постелнина и поставување на шкафови во собите во кои престојуваат штитениците;

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

6. Спроведување на целосна истрага за смртниот случај на штитеникот при чија обдукција била најдена цуцла во дебелото црево и иницирање на кривична постапка против можните сторители.

7. Преземање активни мерки за намалување на високата стапка на смртност на штитениците во Специјалниот завод во Демир Капија.

Скопје
10.06.2016

Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија

Извршна директорка
Уранија Пировска

Прилог – фотографии од извршената посета






NEFA

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469





Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469





Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469



